РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.ПЦ.004.02

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПРЕГЛЕД НА СТОКА НА МЕСТО РАЗЛИЧНО ОД МЕСТО ОДРЕДЕНО ЗА ТАА ЦЕЛ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИОТ ОРГАН И ПРЕГЛЕД НА СТОКА ВО ВРЕМЕ РАЗЛИЧНО ОД РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА ЦАРИНСКИОТ ОРГАН НА БАРАЊЕ НА ДЕКЛАРАНТОТ

МАРТ 2023

# Содржина

1. ИСТОРИЈА НА ДОКУМЕНТОТ ..... 3

2. ОПФАТ И ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА ..... 3

3. ДЕФИНИЦИИ И КРАТЕНКИ ..... 4

4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ..... 4

5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ..... 5

6. ПОСТАПКА (ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА) ..... 5

6.1 Прием на барање и одобрување на преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот ..... 5
6.1.1. Прием на барање ..... 5
6.1.2. Обработка на барањето и одлучување ..... 6
6.2. Прием на барање и одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган ..... 7
6.2.1. Прием на барање ..... 7
6.2.2. Обработка на барањето и одлучување ..... 7

7. КОНТРОЛА ..... 8

# 1. Историја на документот

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 17.04.2015 | Прво издание | / | / |
| 2 | 08-03-2023 | Второ издание | Дополнета Измена | Т.2 и 4 Т. 6.2.1 и нови образци |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## 2. Опсег и област на примена

Процедурата се применува за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот.

Процедурата ја применуваат шефовите и царинските службеници од царинските испостави кои работат на прифаќање и обработка на барањето за преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот, согласно Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка[1].

[1] Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка како екстерен акт е објавен во депозитарот на документацијата на Царинската управа

Процедура за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган на барање на декларантот стапува на сила со нејзиното донесување.

Со донесувањето на оваа Процедура, престанува да важи 01.30.00.ПЦ.004.01 Процедура за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган на барање на декларантот бр. 01-026927/15-0001 од 17.04.2015 година.

## 3. Дефиниции и кратенки

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| ЦЗ | Царински закон |
| УСЦЗ | Уредба за спроведување на Царинскиот закон |
| Правилник за надоместоци | Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка |
| Писарница | Одделение за архивско и канцелариско работење во Сектор за правни работи |
| ЕДМС | Електронски систем за управување со документи |
| | |

### 4. Врска со други документи

Процедура за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган на барање на декларантот е поврзана со следната законска регулатива согласно депозитар на документација:

- Царински закон и законите за изменување и дополнување на Царинскиот закон;
- Уредбата за спроведување на Царинскиот закон и уредбите за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон;
- Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка со сите негови измени и дополнувања;
- Закон за општата управна постапка со сите измени и дополнувања;
- Упатство за работното време во Царинската управа;
- Упатство за изглед и структура на документацијата во Царинската управа;
- Процедура за Депозитар на документацијата во Царинската управа;
- Законот за употреба на јазиците.

## 5. Одговорности и овластувања

Одговорни за спроведување на Процедурата се шефовите и царинските службеници од надлежната царинска испостава кои работат на прифаќање и обработка на барањето за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган и преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот.

Одговорни за следење на спроведувањето на оваа Процедура се управниците на царинарници.

Одговорни за предлагање на измени и дополнувања на Процедурата се управниците на царинарници.

Вработените наведени во оваа точка се должни во целост да ја почитуваат Процедурата.

## 6. Постапка (Чекори за спроведување на процедурата)

### 6.1 Прием на барање и одобрување на преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот

### 6.1.1. Прием на барање

Постапката за одобрување преглед на стока во време различно од работното време на царинскиот орган, на барање на декларантот започнува со поднесување на Барање за преглед на стока надвор од редовното работно време или Барање за преглед на стока надвор од редовното работно време – ЗУЈ согласно Упатството за работното време во Царинската управа[2]. Кон барањето треба да е приложен доказ за платена административна такса во износ од 50,00 денари, пропишана од тарифен број 1 и 300,00 денари од тарифен број 95 од Тарифата на административни такси од Законот за административни такси и доказ за платен надоместок во износ од 600,00 денари за еден час ангажиран еден царински службеник, при што, секој започнат час се смета како цел час согласно Правилникот за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка.

---

2 Упатството за работното време во Царинската управа со сите свои прилози и обрасци, е објавено во депозитарот на документацијата на Царинската управа

## 6.1.2. Обработка на барањето и одлучување

Веднаш по добивање на барањето, шефот на царинската испостава или од него овластено лице проверува дали истото е целосно и правилно пополнето и дали е платена пропишаната административната такса и надоместок.

Доколку барањето не ги содржи сите потребни податоци или докази релевантни за одлучување, или е поднесено од неовластено лице, шефот на царинската испостава или од него овластено лице е должен веднаш да го извести подносителот.

Во случај кога подносителот на барањето не постапи по забелешките, шефот на царинската испостава или од него овластено лице е должен најдоцна наредниот ден да донесе решение со кој барањето се отфрла, согласно одредбите на Законот за општата управна постапка. Решението се подготвува на образец: Одлуки и решенија или Одлуки и решенија- ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документација на Царинската управа.

Во случај кога барањето е комплетно, односно е целосно и правилно пополнето, платена административна такса и надоместок, шефот на царинската испостава или од него овластено лице ја цени оправданоста и го одобрува барањето. При одобрување на барањето шефот на царинската испостава или од него овластено лице ја цени оправданоста при што се имаат предвид околностите кои се однесуваат на видот на стоката (лесно расиплива стока, жива стока, репроматеријали неопходни за неодложено одвивање на работата и други оправдани причини).

Извршениот преглед на стоката надвор од редовното работно време го потврдуваат царинските службеници кои го извршиле прегледот, овластено лице на барателот и шефот на царинската испостава или од него овластено лице, со пополнување на рубриките 16-24 од Барањето.

Во исклучителни ситуации, преглед на стока надвор од работното време може да се изврши и без доставено писмено барање, но во тој случај, барањето се поднесува и пополнува првиот нареден работен ден, со образложение за причините поради кои не било поднесено.

## 6.2. Прием на барање и одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган

### 6.2.1. Прием на барање

Постапката за одобрување на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган, на барање на декларантот започнува со поднесување на 01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02 Барање на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган или 01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.02.02 Барање на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган - ЗУЈ[3]. Кон барањето треба да е приложен доказ за платена административна такса во износ од 50,00 денари, пропишана од тарифен број 1 и 300,00 денари од тарифен број 95 од Тарифата на административни такси од Законот за административни такси и доказ за платен надоместок во износ од 600,00 денари за еден час ангажиран еден царински службеник, при што, секој започнат час се смета како цел час согласно Правилник за видот и износот на царинските надоместоци за направени услуги во царинската постапка.

### 6.2.2. Обработка на барањето и одлучување

Веднаш по добивање на барањето, шефот на царинската испостава или од него овластено лице проверува дали истото е целосно и правилно пополнето и дали е платена пропишаната административната такса и надоместок.

Доколку барањето не ги содржи сите потребни податоци или докази релевантни за одлучување, или е поднесено од неовластено лице, шефот на царинската испостава или од него овластено лице е должен веднаш да го извести подносителот.

Во случај кога подносителот на барањето не постапи по забелешките, шефот на царинската испостава или од него овластено лице е должен најдоцна наредниот ден да донесе решение со кое барањето се отфрла, согласно одредбите на Законот за општата управна постапка. Решението се подготвува на образец Одлуки и

---

[3] Обрасците од оваа Процедура кои се означени со кратенка ЗУЈ ( Закон за употреба на јазиците ) се издаваат/ користат од страна на организационите единици на Царинската управа кои покриваат најмалку една единица на локалната самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат албански јазик и кога странката ( учесникот) во постапката го зборува албанскиот јазик.

решенија или Одлуки и решенија -ЗУЈ од Упатството за изглед и структура на документација на Царинската управа.

Во случај кога барањето е комплетно, односно е целосно и правилно пополнето, платена административна такса и надоместок, шефот на царинската испостава или од него овластено лице ја цени оправданоста и го одобрува барањето. При одобрување на барањето шефот на царинската испостава или од него овластено лице ја цени оправданоста при што се имаат предвид околностите кои се однесуваат на видот на стоката (стока со поголем габарит, специфично превозно средство и други оправдани причини).

Извршениот преглед на стоката надвор од местото одредено за таа цел од страна на царинскиот орган го потврдуваат царинските службеници кои го извршиле прегледот, овластено лице на барателот и шефот на царинската испостава или од него овластено лице, со забелешка на барањето.

Во исклучителни ситуации, преглед на стока надвор од местото одредено за таа цел од страна на царинскиот орган може да се изврши и без доставено писмено барање, но во тој случај, барањето се поднесува и пополнува првиот нареден работен ден, со образложение за причините поради кои не било поднесено.

## 7. Контрола

Управниците на надлежните царинарници вршат надзор и контрола на спроведувањето на оваа Процедура.

Оваа Процедура се проверува од Тимот на интерни проверувачи при интерните проверки, согласно планот за интерни проверки, и од екстерните проверувачи - сертификациона куќа, согласно планот за екстерни проверки на системот за менаџмент со квалитет.

Ако се утврди отстапување од оваа процедура, неусогласеност или потенцијална неусогласеност на процедурата се постапува по процедурите за неусогласеност и корективни мерки.

Исто така, контрола на спроведувањето на оваа Процедура врши и Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност, врз основа на писмено одобрение од директорот на Царинската управа.

## 8. Записи

- 01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02 Барање на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган
- 01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.02.02 Барање на преглед на стока на место различно од место одредено за таа цел од страна на царинскиот орган-ЗУЈ
-

Директор,

м-р Славица Кутиров

Бр. 01-026927/15-0002
Скопје, 08-03-2023 г.

Изработил: Татјана С. Паговска
Одобрил: Гордана Динеска
Согласен : Офелија Бајо

| | |
|---|---|
| Процедурата ја подготви: | Секторот за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРЕГЛЕД НА СТОКА НА МЕСТО РАЗЛИЧНО ОД МЕСТО ОДРЕДЕНО ЗА ТАА ЦЕЛ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИОТ ОРГАН

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Царинска испостава | | 2. Шифра | |
| 3. Датум | | 4. Број на барање | |
| 5. Податоци за Царинскиот декларант: | 6. Назив: | | |
| | 7. ЕДБ: | | |
| 8. Царинскиот декларант бара преглед надвор од редовното работно време на следната стока | | | |
| | | | |
| | | | |
| 9. Датум за преглед (ден, месец, година) | | | |
| 10. Место на преглед (точна адреса) | | | |
| 11. ЕЦД-а за преглед | | | |
| 12. Број на превозни средства за преглед | | | |
| 13. Причини за подесување на барањето | | | |
| 14.Име презиме, потпис и печат на овластено лице на барателот | | 15. Име презиме, потпис и печат на шеф на царинска испостава | |
| Податоци за извршениот преглед | | | |
| 16. Датум за преглед (ден, месец, година) | 17. Период за преглед (час и минута) | Од | До |
| 18. Прегледот го извршија следните царински службеници | | | |
| 19. Матичен број | 20. Име | 21. Презиме | 22.Потпис |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| 23. Име, презиме, потпис и печат на овластено лице на барателот | | 24. Име, презиме, потпис и печат на шеф на царинската испостава | |

Напомена: -Полињата број 1, 2, 3, 4, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 24 ги пополнува царинската испостава
-Полињата број 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 23 ги пополнува барателот

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА/REPUBLIKA E MAQEDONISË**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ/ MINISTRIA E FINANCAVE**
**ЦАРИНСКА УПРАВА / DREJTORIA E DOGANËS**

01.30.00.ПЦ.004.02-ОБ.02.02

**БАРАЊЕ ЗА ПРЕГЛЕД НА СТОКА НА МЕСТО РАЗЛИЧНО ОД МЕСТО ОДРЕДЕНО ЗА ТАА ЦЕЛ ОД СТРАНА НА ЦАРИНСКИОТ ОРГАН/KËRKESË PËR KONTROLLIN E MALIT NË VEND TJETËR NGA VENDI I CAKTUAR PËR KËTË QËLLIM NGA ORGANI DOGANOR**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Царинска испостава/Filiali doganor | | 2. Шифра/Shifra | |
| 3. Датум/Data | | 4. Број на барање/Numri i kërkesës | |
| 5. Податоци за Царинскиот декларант/Të dhënat e deklaruesit doganor | 6. Назив/Emri | | |
| | 7. ЕДБ/NVT | | |

| |
|---|
| 8. Царинскиот декларант бара преглед надвор од редовното работно време на следната стока/Deklaruesi doganor kërkoj kontroll jashtë orarit të rregullt të punës për këtë mall |
| |
| |

| | |
|---|---|
| 9. Датум за преглед (ден, месец, година)/Data e kontrollit (dita, muaji, viti) | |
| 10. Место на преглед (точна адреса)/Vendi i kontrollit (adresa e saktë) | |
| 11. ЕЦД-а за преглед/DVD për kontroll | |
| 12. Број на превозни средства за преглед/Numri i mjeteve transportuese për kontroll | |
| 13. Причини за подесување на барањето/Shkaqet e parashtrimit të kërkesës | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14.Име презиме, потпис и печат на овластено лице на барателот/Emri, mbiemri, nënshkrimi dhe vulat e personit të autorizuar të kërkuesit | | 15. Име презиме, потпис и печат на шеф на царинска испостава/Emri, mbiemri, nënshkrimi dhe vulat e shefit të filialit doganor | |

Податоци за извршениот преглед/Të dhënat e kontrollit të kryer

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. Датум за преглед (ден, месец, година)/Data e kontrollit (dita, muaji, viti) | | 17. Период за преглед (час и минута)/Periudha e kontrollit (ora dhe minuta) | Од /prej | До/ deri |

18. Прегледот го извршија следните царински службеници/Kontrollin e kanë kryer këto nëpunës doganor

| 19. Матичен број/Numri i amzës | 20. Име/Emri | 21. Презиме/Mbiemri | 22.Потпис/Nënshkrimi |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |

| 23. Име, презиме, потпис и печат на овластено лице на барателот/Emri, mbiemri, nënshkrimi dhe vulat e personit të autorizuar të kërkuesit | | 24. Име, презиме, потпис и печат на шеф на царинската испостава/Emri, mbiemri, nënshkrimi dhe vulat e shefit të filialit doganor | |
|---|---|---|---|

Напомена/Vërejtje
Полињата број 1, 2, 3, 4, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 24 ги пополнува царинската испостава/Fushat numër 1, 2, 3, 4, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 dhe 24 i plotëson filiali doganor
Полињата број 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 и 23 ги пополнува барателот/Fushat 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14 dhe 23 i plotëson kërkuesi